**ИЗВЕШТАЈ**
**од програмскиот надзор (мониторинг) на програмата на**
**Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје,**
**емитувана на 26 март 2014 година**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 28.03.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1867/2 | 1 | |

***Утврдени прекршувања:***

1. **<u>Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик</u>** (за време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат 12 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за еден учесник во изборната кампања можат да одвојат најмногу 8 минути)

| Датум | Период на емитување | Опис |
|---|---|---|
| 26.03.2014 | 20:00:00-20:07:02 - **Митинг на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата;**<br><br>20:52:05-21:00:00- **Митинг на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата;** | Во периодот од 20 до 21 часот, емитувани се делови од митинг на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата, со вкупно времетраење од 14 минути и 57 секунди, што е за – 6 минути и 57 секунди повеќе од дозволениот лимит – 8 минути платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања.<br><br>Вкупното време на емитуваното платено политичко рекламирање во овој реален час, од 20 до 21 часот, изнесува – 14 минути и 57 секунди, што е за 2 минути и 57 секунди повеќе од дозволениот лимит на час емитувана програма - 12 минути платено политичко рекламирање. |

| Датум | Период на емитување | Опис |
|---|---|---|
| 26.03.2014 | 22:00:00 – 22:07:44 **Митинг на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата;**<br><br>22:54:50 - 22:57:00 **Спот за Ѓорге Иванов;**<br>22:57:10 – 22:57:30 **Спот за Ѓорге Иванов;**<br>22:57:39 – 22:58:10 **Спот за Ѓорге Иванов;** | Во периодот од 22 до 23 часот, емитуван е дел од митинг на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата, со вкупно времетраење од 7 минути и 44 секунди.<br><br>Во истиот реален час, емитувани се и три платени политички спота на претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов со траење од вкупно 3 минути и 1 секунда;<br><br>Вкупното време на емитуваното платено политичко рекламирање во овој реален час за овој учесник во изборната кампања изнесува – 10 минути и 45 секунди, што е за 2 минути и 45 секунди повеќе од дозволениот лимит од 8 минути платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања. |

***Опис на прекршувањето:***

Спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, на 26 март 2014 година, на програмата на Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во реалните часови од 20 до 21 часот и од 22 до 23 часот емитувано е повеќе од 8 минути платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања. Исто така, во реалниот час од 20 до 21 часот емитувани се и повеќе од 12 минути платено политичко рекламирање на еден реален час емитувана програма.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**